MACEDONIAN CENTRE
FOR EUROPEAN TRAINING

MCET

Јануари 2014

Бриф за применета политика

# Дали Република Македонија го следи чекорот на усогласување на националното законодавство со меѓународните конвенции кои ја регулираат обврската за издржување со странски елемент?

Наташа Најденова-Левиќ

## СОДРЖИНА

I ВОВЕД ........................................................ 2
II РАСПРАВА ............................................... 3
III ЗАКЛУЧОК ............................................ 5
IV ПРЕПОРАКИ ......................................... 5

## РЕЗИМЕ

**Остварувањето на издршката на децата со странски елемент е мошне значајно и сложено прашање кое не може да се реши без ефикасна меѓународна соработка и координација. Од овие причини, значајни се обидите за донесување меѓународни спогодби со кои би се решиле овие проблеми.**

**Комитетот за правата на детето при ООН на 54-тата седница, по разгледувањето на Вториот периодичен извештај на Република Македонија, на 11 јуни 2010 година, и препорача на Република Македонија како држава-членка да ги ратификува Хашката конвенција бр. 23 - Признавање и извршување на одлуките што се однесуваат на обврските за издршка од 2.10.1973 год., Хашката конвенција бр. 24 - Применливото право за обврските за издршка од 2.10.1973 год. и Хашката конвенција бр. 34 - Јурисдикција, применливо право, признавање, спроведување и соработка во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата од 19.10.1996 година.**

**Наведените Хашки конвенции имаат посебен придонес во унапредувањето на заштитата на децата во случаите со странски елемент, во пронаоѓањето начини за избегнување на судирите меѓу различните правни системи по прашањето за надлежноста, примената на законот, прифаќањето и извршувањето на мерките и, воопшто, во остварувањето на соработката помеѓу државите во сферата на родителската одговорност и детската заштита. Тоа претставува уште еден чекор на патот кон постигнувањето поголема еднообразност и унифицираност на законските прописи во оваа многу чувствителна димензија на човековите права.**

**Имајќи ја предвид стратегиска цел и заложба на Република Македонија да стане дел од ЕУ-семејството, јасно произлегува потребата Република Македонија да ги ратификува меѓународните документи кои ја уредуваат оваа област, како и да го следи чекорот на апроксимација на националното законодавство со законодавството на ЕУ.**

# I ВОВЕД

Обврската за издршка произлегува од семејниот однос, родителството, бракот и сродството и има своја основа во законот и подразбира давање издршка од страна на едно лице (должник на издршката) на друго лице (доверител на издршката), со цел да се задоволат неговите животни потреби[1].

Предмет на разгледување во овој текст е издршката на децата, што претставува законска обврска на родителите, без оглед на тоа дали живеат во брачна, вонбрачна заедница или се разделени, и законска обврска на посвоителите, врз основа на посвојувањето.

За издржување со странски елемент станува збор кога односот на издршката, помеѓу доверителот и должникот на издршката, е поврзан со две или повеќе држави.

Како релевантни странски елементи се појавуваат странското државјанство на субјектите (на едниот или на двајцата субјекти), живеалиштето, редовниот престој или престојувалиште во странство. Стварите кои се предмет на правото може да се наоѓаат или да се остваруваат во странство и дејствието кое е предмет на граѓанско-правниот однос може да биде извршено во странство.

Остварувањето на издршката со странски елемент е мошне значајно и сложено прашање, односно проблем што не може да се реши без ефикасна меѓународна соработка и координација. Од овие причини, значајни се обидите за донесување меѓународни спогодби со кои би се решиле овие проблеми[2].

***Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО)** е невладина, непрофитна, неполитичка, тинк-тенк организација основана во декември 2002 годината од страна на 23 обучувачи за ЕУ сертифицирани од InWEnt од Бон и Институтот за европски политики од Берлин, Сојузна Република Германија. Мисијата на МЦЕО е да го поддржи пристапувањето на Република Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството преку професионална обука и советување, развој на применливи политики засновани на докази, застапување за промени и регионална соработка.*

*Од своето основање, МЦЕО има испорачано приближно од 1300 денови обука за различни ЕУ теми за приближно 6000 претставници на јавна администрација, медиуми, граѓански организации, судии и обвинители, членови на политички партии, локални администрации, итн.*

*Во последните 7 години, МЦЕО го смени својот фокус од институт за обука во тинк-тенк организација со надеж дека ќе го намали очигледниот недостиг на експертиза во земјата во полето на креирање јавни политики кои се во линија со ЕУ. Последните студии и брифови за применета политика што се објавени се: „Лисабон-Скопје-Солун: пет причини зошто Македонија треба да ги почне преговорите“, „Предавници, платеници и сендвич демонстранти: граѓанскиот активизам во македонскиот јавен дискурс“, „Прекутрупа во Европа – истражување за искористувањето на Програмите на Заедницата во Македонија“, „Македонија и Бугарија – Толку блиски, а сепак толку далечни“, „Пристапувањето во ЕУ и сиромаштијата во Македонија“, „Ветувања, ветувања“ итн.*

*МЦЕО го следи и процесот на пристапување и досега има објавено 19 извештаи кои можат да се симнат од нашиот вебсајт: mcet.org.mk.*

*Во последните 5 години, МЦЕО работи со медиумите со цел да го подобри известувањето за пристапниот процес на Македонија и изготвува алатки за да им помогне да разберат дека пристапувањето во ЕУ всушност е внатрешна, а не надворешна политика.*

Стратегиска цел и заложба на Република Македонија е да стане дел од ЕУ-семејството. Оттаму јасно произлегува потребата Република Македонија **да ги ратификува меѓународните документи** кои ја уредуваат оваа област, како и да го следи чекорот на апроксимација на националното законодавство со законодавството на ЕУ.

[1] V. Bakić, *Porodično pravo u SFRJ*, Beograd, 1988, стр.381: "... во семејното право издршката е со закон воспоставена обврска на определени членови на семејството (потесно или пошироко), кои се во можност да го прават тоа и да ги издржуваат другите членови на семејството кои имаат потреба од издршка''.

[2] [2] Гавроска П., Дескоски Т., *Меѓународно приватно право*, Правен факултет „Јустинијан Први'' во Скопје, 2011, стр. 379.

## II РАСПРАВА

Прашањето што се поставува е дали Република Македонија **го следи чекорот на усогласување** на националното законодавство со меѓународните конвенции кои ја регулираат оваа материја?

Ова прашање се наметнува поради потребата од унапредување на заштитата на децата во меѓународни рамки, сакајќи да се избегне судирот помеѓу одделните правни системи во однос на надлежноста, примената на законот, прифаќањето и извршувањето на мерките на детската заштита, воопшто, со цел да се обезбеди поголема еднообразност на законските прописи во оваа најосетлива димензија на човековите права.

Во Република Македонија, правото на издршка, како и начинот на неговото

остварување се регулирани со **Законот за семејството**[3], кој е донесен во 1992 година, а од неговото донесување до денес се извршени неколку измени и дополнувања[4].

Во однос на остварувањето на обврската за издржување со странски елемент, се применуваат соодветните одредби од чл. 46[5] и чл. 48[6] од **Законот за меѓународното приватно право**[7].

Билатералните конвенции на РМ не содржат посебни колизиони норми за законското издржување помеѓу поодделните категории лица, туку тие прашања се подведуваат под нормите што го определуваат меродавното право за соодветните односи кои претставуваат основа на обврската за издржување[8].

Во однос на определувањето на меѓународната надлежност на македонското правосудство, во споровите за законско издржување се применуваат нормите содржани во ЗМПП (чл.79[9], 80[10], 81[11]) и во билатералните конвенции што ги склучила РМ или кои биле склучени од страна на поранешната југословенска држава, а продолжија да важат и во РМ.

На признавањето и извршувањето на странските судски одлуки за законското издржување се применуваат соодветните одредби од глава 4 од ЗМПП, билатералните договори кои содржат одредби што се однесуваат на признавањето и извршувањето на одлуките за издржување, билатералните договори коишто содржат одредби за признавањето и извршувањето на судските одлуки, генерално, па се однесуваат и на одлуките за законското издржување, како на пример Договорот со Грција, и - најпосле - билатералните конвенции кои во рамките на регулирањето на прашањата за правна помош, односно заемниот правен сообраќај, го регулираат и признавањето и извршувањето на судските одлуки.

Од меѓународните конвенции кои ја регулираат оваа материја, важна е **Конвенцијата за остварување на алиментационите побарувања во странство од 20.6.1956 година**[12].

Нашата држава ја има нотифицирано оваа конвенција кај депозитарот во Обединетите нации, при што како орган за доставување на барањата (отпремен орган) за Република Македонија е одредено Министерството за правда, додека како орган за примање на барањата (посреднички орган) е одредено Министерството за труд и социјална политика.

Во постапката за остварување на издржување посредува Центарот за социјални работи, надлежен спрема местото на живеење на должникот, и судот, доколку должникот не е согласен доброволно да ја изврши својата обврска.

Во однос на извршувањето на странските судски одлуки за издршка се применува постапката за признавање и извршување на пресудите во согласност со Законот за меѓународното приватно право[13].

Странската судска одлука се изедначува со одлука на суд на Република Македонија и произведува правно дејство во Република Македонија само ако ја признае судот на Република Македонија.

Условите и постапката за признавање на странските судски одлуки се регулирани во Законот за меѓународното приватно право. Во членот **99** од овој Закон е предвидено дека како странска судска одлука ќе се смета одлука и судско порамнување на суд на странска држава, како и одлука на друг орган што во државата во која одлуката е донесена е изедначена со судска одлука, односно судско порамнување.

Во Законот за меѓународното приватно право е пропишана **постапката** за признавање на странските судски одлуки во поглед на тоа како се поведува постапката, кој ја донесува одлуката и кои услови ги цени судот пред да донесе одлука за признавање на странска судска одлука[14].

Во Законот за меѓународното приватно право се предвидени **условите** за признавање на странска судска одлука[15], па така подносителот на барањето е должен кон

предлогот за признавање на странската судска одлука да ја приложи странската судска одлука во оригинал или заверен препис и да приложи потврда од надлежниот странски суд, односно од друг орган, за правосилноста на одлуката според правото на државата во која е донесена.

Ако оригиналот на странската судска одлука или нејзиниот заверен препис не се составени на јазикот што е во службена употреба пред судот пред кој се поведува постапката за признавање на таа одлука, странката што бара признавање на одлуката мора да поднесе и заверен превод на странската судска одлука на јазикот што е во службена употреба пред тој суд.

Во однос на **статистиката за алиментациони побарувања со странски елементи,** во Министерството за правда **не се води посебна статистика само по оваа основа[16].**

Поради тоа, тешко е да се наведат точни податоци за остварувањето на алиментационите побарувања со странски елемент во нашата држава**.**

Меѓутоа, и во однос на регулативата, Република Македонија **не го следи чекорот на усогласување** на националното законодавство со меѓународните конвенции кои ја регулираат оваа материја.

Имено, Комитетот за правата на детето при ООН на 54-тата седница, по разгледувањето на Вториот периодичен извештај на Република Македонија, на 11 јуни 2010 година ги усвои завршните забелешки.

Во делот Исплата на издршка, Комитетот изрази загриженост поради немањето делотворни мерки кои имаат за цел да се осигури исплатата на средствата за издршка на детето.

Во ставот 46 точка (б), Комитетот ѝ препорача на Република Македонија како држава-членка да ги ратификува *Хашката конвенција бр. 23 - Признавање и извршување на одлуките што се однесуваат на обврските за издршка* (од 2.10.1973 год., влегла во сила на 1.8.1976 година), *Хашката конвенција бр. 24 - Применливото право за обврските за издршка* (од 2.10.1973 год., влегла во сила на 1.10.1977 год.) и *Хашката конвенција бр. 34 - Јурисдикција, применливо право, признавање, спроведување и соработка во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата* (од 19.10.1996 год., влегла во сила на 1.1.2002 година).

Наведените Хашки конвенции имаат посебен придонес во унапредувањето на заштитата на децата во случаите со странски елемент, во пронаоѓањето начини за избегнување на судирите меѓу различните правни системи по прашањето за надлежноста, примената на законот, прифаќањето и извршувањето на мерките и, воопшто, во остварувањето на соработката помеѓу државите во сферата на родителската одговорност и детската заштита. Тоа претставува уште еден чекор на патот кон постигнувањето поголема еднообразност и унифицираност на законските прописи во оваа многу чувствителна димензија на човековите права.

Оваа препорака е во врска со остварувањето на правата на детето предвидени во чл.18[17] и чл.27[18] од Конвенцијата за правата на детето.

## III ЗАКЛУЧОК

Во Република Македонија досега не е постапено според препораката од Комитетот за правата на детето при ООН и **не се ратификувани наведените конвенции**.

## IV ПРЕПОРАКИ

- Имајќи ја предвид стратегиската цел на Република Македонија да стане дел од ЕУ-семејството, јасно произлегува потребата Република Македонија **да ги ратификува препорачаните меѓународни документи** кои ја уредуваат оваа област, како и да го следи чекорот на апроксимација на националното законодавство со законодавството на ЕУ.
- Исто така, **водењето точна и прецизна статистика** во голема мерка би помогнало во детектирањето на проблемите што се јавуваат во однос на остварувањето на алиментационите побарувања со странски елемент.
- Во врска со разгледуваните прашања, треба да се ангажираат владините агенции, советниците за јавни политики и широк опфат невладини организации или групи од заедницата и поединци, кои работат на прашањата поврзани со заштитата на правата на децата и, конкретно, со обезбедувањето соодветна законска рамка и делотворни мерки кои имаат за цел да се осигури исплата на средства за издршка на детето.
- Пред сѐ, треба да се дефинира проблемот, потоа да се даде претпочитано

решение (ратификација на релевантните меѓународни документи и водење прецизна статистика за остварувањето на алиментационите побарувања), како и да се врши мониторинг и евалуација на реализацијата и придобивките од процес.

## Референци

[3] *Службен весник на РМ* бр. 80/1992 со измени и дополнувања во *Службен весник на РМ* бр. 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12 и 44/12.

[4] Дел VI од Законот за семејството, членови 178-202.

[5] Член 46 од ЗМПП:
1) За односите меѓу родителите и децата е меродавно правото на државата чиишто државјани се тие.
2) Ако родителите и децата се државјани на различни држави, меродавно е правото на државата во која сите тие имаат живеалиште.
3) Ако родителите и децата се државјани на различни држави, а немаат живеалиште во иста држава, меродавно е правото на државата чиј државјанин е детето''.

[6] Член 48 од ЗМПП:
„За обврската за издржување меѓу крвни сродници, освен родителите и децата, или за обврската за издржување сродници по сватовство меродавно е правото на државата чијшто државјанин е сродникот од кој се бара издржување''.

[7] *Службен весник на РМ* бр. 87/07 од 12.7.2007 година.

[8] Извор: Bordaš Bernadet, *Porodičnopravni odnosi u međunarodnom privatnom pravu,* Forum-Novi Sad, 2000, стр.220.

[9] Член 79 од ЗМПП:
„(1) Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување на децата постои и кога тужениот нема живеалиште во Република Македонија, ако:
1) детето поднесува тужба и има живеалиште во Република Македонија;
2) тужителот и тужениот се државјани на Република Македонија, без оглед на тоа каде имаат живеалиште, или
3) тужителот е малолетно дете и е државјанин на Република Македонија.
(2) Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување меѓу брачни другари и меѓу поранешни брачни другари постои и ако брачните другари имале свое последно заедничко живеалиште во Република Македонија, а тужителот во моментот на поднесувањето на тужбата и натаму има живеалиште во Република Македонија''.

[10] Член 80 од ЗМПП:
„Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување постои и ако тужениот има имот во Република Македонија од кој може да се наплати издржувањето''.

[11] Член 81 од ЗМПП:
„Судот на Република Македонија е надлежен за одлучување за заштита, воспитување и
издржување на децата и тогаш кога тие спорови се решаваат заедно со споровите од позаконување или споровите за утврдување или оспорување на татковството или
мајчинството, за кои според овој закон е надлежен судот на Република Македонија".

[12] *Службен лист на ФНРЈ,* додаток Меѓународни договори, бр.2/1960.

[13] Глава 4 – Признавање на странски судски одлуки – чл. 99-116 од ЗМПП.

[14] Чл. 111-116 од ЗМПП.

[15] Чл. 101-110 од ЗМПП.

[16] Известување бр. 13/1-3938/12-2 од 28.12.2012 година.

[17] Чл. 18 од КПД предвидува дека:
(1) „Државите-членки ќе ги вложат сите напори за да се уважи принципот двајцата родители да имаат заедничка одговорност во подигањето и во развојот на детето. Родителите или. во зависност од сличајот. законските старатели имаат главна одговорност за подигнувањето и за развојот на детето. Интересите на детето се нивна основна грижа.
(2) Поради гарантирање и унапредување на правата содржани во оваа конвенција, државите-членки на родителите и на законските старатели им даваат соодветна помош при вршењето на должноста во воспитувањето на детето и обезбедувањето развој на институциите, објектите и службите за грижа за децата''.

[18] Чл. 27 ст.4 гласи:
(1) „Државите-членки на секое дете му го признаваат правото на животен стандард адекватен на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и општествениот развој на детето.
(2) Родителите или другите лица одговорни за детето се првенствено одговорни, во рамките на своите способности и финансиски можности, за тоа да обезбедат животни услови потребни за развој на детето.
(3) Државите-членки, во согласност со националните услови и со своите можности, преземаат соодветни мерки за помош на родителите и на другите лица одговорни за детето, особено поради остварувањето на ова право и, во случај на потреба, обезбедуваат материјална помош и програми за поткрепа, во поглед на исхраната, облеката и живеењето.
(4) Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат детето да добива издржување од родителите или од други лица кои се финансиски одговорни за детето, како во рамките на државите-членки, така и од странство, особено ако лицето кое е финансиски одговорно за детето не живее во истата држава во којашто живее детето, па државите поттикнуваат пристапување кон меѓународните спогодби, односно кон заклучување на такви спогодби, како и други соодветни аранжмани.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

„Мајаковски“ 4/2; 1000 Скопје
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Телефон/Факс:
+38923217512; +38923217513

Е-пошта:
mcet@mcet.org.mk
Вебсајт:
www.mcet.org.mk